**ЗАПИСНИК**
**од 59-та седница на Советот**
**одржана на 08.12.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Трајчевски, д-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ, м-р Васко Петревски, Замир Мехмети, Столе Наумов, Антонио Јовановски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, м-р Алма Машовиќ, Методи Стоименовски, м-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Совет:** м-р Борис Арсов (оправдано отсутен), Селадин Џезаири (оправдано отсутен).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Драгица Љубевска, Владимир Ѓорѓиески, Луција Ѓурковиќ и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Присутни новинари: /**

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски ја отвори 59-та седница на Советот за радиодифузија на РМ. Во однос на дневниот ред, точките кои беа предложени под Разно предложи да бидат вклучени во дневниот ред односно: под точка бр. 6 да биде ставено Барањето бр.11-401 од 22.11.2012 година, за дополнување на аналоген пакет програмски сервиси за градовите Штип, Скопје, Свети Николе, Велес, Битола, Струмица, Кочани и Кавадарци од ТРД - оператор на јавна комуникациска мрежа РОБИ ДООЕЛ, Ванчо Прке 8, Штип, и како точка бр. 7 да биде ставен Извештајот од промоцијата на Извештајот за состојбата на лицата со хендикеп во Република Македонија, „Хендикеп – слагалка што недостасува„ изработена од м-р Сашо Богдановски. Предлогот, со 10 гласа „за“ беше едногласно усвоен. (Заменикот на претседателот на Советот, д-р Милаим Фетаи и членовите на Советот, м-р Алма Машовиќ и м-р Методија Јанчески беа отсутни за време на гласањето).

Други предлози за дополнување и измена на дневниот ред не беа понудени. Советот со 10 гласа „за“, (Заменикот на претседателот на Советот, д-р Милаим Фетаи и членовите на Советот, м-р Алма Машовиќ и м-р Методија Јанчески беа отсутни за време на гласањето), едногласно го усвои следниот:

**Д н е в е н   р е д**

1.Предлог – Финансиски план на Советот за радиодифузија за 2013 година.

2. Предлог – Годишен план за јавни набавки во 2013-та година на Советот за радиодифузија на РМ.

3. Предлог - Распоред на постапките за јавни набавки по Сектори за Годишниот план за јавни набавки во 2013-та година на Советот за радиодифузија.

4. Информација во врска со нереализираните авионски билети на релација Скопје – Ерусалим – Скопје.

5. Предлог – одлуки за доделување јавна набавка за потребите на Советот за радиодифузија.

6. Барање бр.11-401 од 22.11.2012 година, за дополнување на аналоген пакет програмски сервиси за градовите Штип, Скопје, Свети Николе, Велес, Битола, Струмица, Кочани и Кавадарци од ТРД - оператор на јавна комуникациска мрежа РОБИ ДООЕЛ, Ванчо Прке 8, Штип

7. Извештај од промоцијата на Извештајот за состојбата на лицата со хендикеп во Република Македонија, „Хендикеп – слагалка што недостасува„ изработена од м-р Сашо Богдановски.

8. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа Предлог – Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2013 година.

Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи кратко го објасни планираниот Финансиски план на Советот за радиодифузија за 2013 година, и информира дека за разлика од претходната година, сега во него се вклучени, ставката средства наменети за изработка на главен проект за изградба на деловниот објект на Советот за радиодифузија на РМ, надоместок за комунални такси за деловниот објект и за неговата изградба и ставка за ангажирање на лица за мониторинг, кои ќе бидат потребни за престојните локални избори за 2013 година. Исто така потенцира дека предлог-Финансискиот план е изработен согласно постојниот Закон за радиодифузната дејност.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски рече дека реалната слика за Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2013 година ќе се добие по завршувањето на локалните избори кои се предвидени за следната година.

Членот на Советот, Столе Наумов побара појаснување во однос на предвидената ставка - Издатоци за репрезентација.

Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи објасни дека во издатоци за репрезентација влегуваат клучевите за кафематите кои се користат во Советот, безалкохолните пијалоци за потребите на Советот, новогодишните честитки и пакетчиња и сл.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, побара појаснување зошто ставката за одржување на веб страната на Советот за разлика од минатата година, во оваа година предвидени се зголемени средства, односно запраша дали се предвидува изработка на нова веб страна или пак е планирано редизајнирање на постоечката веб страна. Според неговото искуство за нова и квалитетна веб страна потребни се поголеми средства од сегашно предвидените во финансискиот план. Во однос на прашањето кој Сектор од Стручната служба е надлежен за изработка и одржување на веб страната на Советот, смета дека надлежен треба да биде Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста со поддршка од Секторот за информатика и технологии.

Членот на Советот, Замир Мехмети, се согласи дека постоечката веб страна на Советот не ги задоволува потребите за кои е наменета и рече дека треба да се инвестираат средства за да таа во квалитативна насока содржински да се дополни и измени или да се изработи нова веб страна со повисоки стандарди.

Советот донесе едногласна одлука, со 12 гласа „за“, да се усвои предложениот Финансиски план на Советот за радиодифузија на РМ за 2013 година. (Заменикот на претседателот на Советот, д-р Милаим Фетаи беше отсутен за време на гласањето).

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ја подготви одлуката, додека Секторот за економско-финансиски работи го задолжи да го подготви Финансискиот план на Советот за радиодифузија на РМ за 2013 година.

**Точка 2**

Советот го разгледа Предлог – Годишниот план за јавни набавки во 2013-та година на Советот за радиодифузија на РМ.

Раководителот на Секторот за правни работи, објасни дека станува збор за документ кој Советот е обврзан да го донесе кон крајот на секоја тековна година.

Планот содржи ставки кој редовно се спроведуваат секоја година за потребите на Советот, но содржи и дополнителни ставки кои се предвидуваат за 2013 година во насока на потребите за престојните локални избори. Објасни дека предлогот за Годишниот план за јавни набавки во 2013-та година на Советот за радиодифузија на РМ е усогласен со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2013 година.

Советот со 12 гласа „за", едногласно го усвои Годишниот план за јавни набавки во 2013 година на Советот за радиодифузија на РМ. (Заменикот на претседателот на Советот, д-р Милаим Фетаи беше отсутен за време на гласањето).

Советот го задолжи Секторот за правни работи да го подготви Годишниот план за јавни набавки во 2013 година на Советот за радиодифузија на РМ.

**Точка 3**

Советот го разгледа Предлог - Распоредот на постапките за јавни набавки по Сектори за Годишниот план за јавни набавки во 2013-та година на Советот за радиодифузија.

Раководителот на Секторот за правни работи, објасни дека целта на Распоредот на постапките за јавни набавки е од информативен карактер, односно потребата секој Сектор во Советот да биде запознаен за која јавна набавка е надлежен, за да би го иницирал започнувањето на постапката и да го следи реализирањето на Договорот кој ќе се случи по спроведената постапка за јавна набавка. Објасни дека Советот за првпат овој документ го усвоил за минатата 2012 година и бидејќи се докажала неговата потреба и ефикасност во работењето на Советот, се предлага и за 2013 година.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, предложи мали измени во Распоредот на постапките за јавни набавки по Сектори за Годишниот план за јавни набавки во 2013-та година на Советот за радиодифузија, односно предложи одговорен за одржување на веб страната на Советот покрај Секторот за технологии и информатика да се додаде и Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста.

Советот со 13 гласа „за", едногласно го усвои Распоредот на постапките за јавни набавки по Сектори за годишниот план за јавни набавки во 2013 година на Советот за радиодифузија на РМ.

Советот ги задолжи сите сектори во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ да се вклучат во реализирањето на овој Заклучок согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот за радиодифузија.

**Точка 4**

Советот ја разгледа Информацијата во врска со нереализираните авионски билети на релација Скопје – Ерусалим – Скопје.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, објасни дека поради реализирање на службено патување во Ерусалим, Израел - присуство на 36-от состанок на Европската платформа на регулаторни тела – ЕПРА (EPRA), кој беше планиран да се одржи во периодот од 28-ми ноември до 1-ви декември 2012 година, Советот за радиодифузија на РМ од ТДТПУ АТЛАС КОРПОРЕЈШН - Скопје беа набавени 3 (три) повратни авионски билети на релација Скопје – Ерусалим и обратно. Со оглед на случувањата во Израел, Управниот Одбор на ЕПРА го откажал состанокот на кој требаше да присуствуваат претставници од Советот поради безбедносни причини. За откажувањето на настанот, Советот бил официјално известен на 22 ноември 2012 година. По добивањето на официјална информација за откажувањето на

36-от состанок на ЕПРА, Советот по електронска пошта на 23-ти ноември 2012 година, се обратил до АТЛАС КОРПОРЕЈШН со Барање авионските билети да бидат откажани, а финансиските средства за набавка на авиобилетите на Советот да му бидат вратени во целост. Но Туристичката агенција АТЛАС КОРПОРЕЈШН по повод Барањето на Советот за откажување на билетите и враќање на уплатените средства за нив, го известил дека билетите се откажани, меѓутоа дека тие се нерефундабилни (неповратни) и дека постои можност да се вратат само дел од аеродромските такси. Советот оставарил директен контакт со претставништвото на Turkis Airlines во Скопје, од каде дошол до информации дека средствата за авионските билети се рефундирани - не само за аеродромските трошоци, за што е обезбедена документација како потврда за рефундираните средства од страна на Turkis Airlines туку и за авиобилетите кои ги набавил Советот.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, рече дека во случај кога корисникот не е задоволен од услугите на добавувачот, има Законска можност да се достави предлог – барање до Бирото за јавни набавки наведениот добавувач да се стави на негативна референца.

Советот едногласно ја усвои Информацијата во врска со нереализираните авионски билети на релација Скопје-Ерусалим-Скопје.

Во врска со 3-те нереализирани авионски билети (од економска класа) за службеното патување кое требаше да се реализира во Израел - присуство на 36-от состанок на Европската платформа на регулаторни тела – ЕПРА (EPRA), Советот одлучи да достави официјален писмен допис до Туристичката агенција АТЛАС КОРПОРЕЈШН со барање за преземање на сите неопходни мерки за враќање на целокупниот износ на рефундираните средства од Turkis Airlines на сметката на Советот за радиодифузија на РМ и доколку во рок од 7 дена од приемот на дописот не го вратат целокупниот износ, Советот ќе побара завршница односно враќање на средствата по судски пат.

Доколку Туристичката агенција АТЛАС КОРПОРЕЈШН не ги преземе сите неопходни дејствија за враќање на целокупниот износ на рефундираните средства за авиобилетите од страна на Turkish Airlines на сметката на Советот за радиодифузија на РМ во наведениот рок од 7 дена, Советот ќе достави известување со предлог до Бирото за јавни набавки, наведениот економски оператор да биде ставен на листата на негативна референца која се објавува на ЕСЈН.

**Точка 5**

Советот ги разгледа Предлог – одлуките за доделување јавна набавка за потребите на Советот за радиодифузија.

- Советот едногласно одлучи, за потребите на Советот за радиодифузија во 2013 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка – услуга: Привремени вработувања.

Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка изнесуваат 3.879.972,00 денари, без вклучен ДДВ.

За реализацијата на договорот за јавна набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2013-та година.

Доделувањето на договорот за јавна набавка ќе се спроведе согласно член 17 став 1 алинеа 2 и став 2 од Законот за јавните набавки.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

- Тања Пачоска - претседател на Комисијата, со заменик Арѓенд Џелили;

- Билјана Парлеева - член, со заменик Рубин Талески и
- Луција Ѓурковиќ - член, со заменик Хари Митрикески Клекачкоски.

- Советот едногласно одлучи, за потребите на Советот за радиодифузија во 2013 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка – стока: Компјутерска опрема за локалните избори во 2013 година за потребите на Советот за радиодифузија на РМ.

Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка изнесуваат 400.000,00 денари, без вклучен ДДВ.

За реализацијата на договорот за јавна набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2013-та година.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

- Арѓенд Џелили - претседател на Комисијата, со заменик Весна Симоновска;
- Луција Ѓурковиќ- член, со заменик Билјана Парлеева и
- Хари Митрикески Клекачкоски - член, со заменик Тања Пачоска.

- Советот едногласно одлучи, за потребите на Советот за радиодифузија во 2013 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка – стока: KVM Switch за потребите на Советот за радиодифузија на РМ.

Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка изнесуваат 60.000,00 денари, без вклучен ДДВ.

За реализацијата на договорот за јавна набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2013-та година.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

- Арѓенд Џелили - претседател на Комисијата, со заменик Весна Симоновска;
- Луција Ѓурковиќ- член, со заменик Билјана Парлеева и
- Хари Митрикески Клекачкоски - член, со заменик Тања Пачоска.

- Советот едногласно одлучи, за потребите на Советот за радиодифузија во 2013 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка – услуга: Интернет конекција со хостирање на веб страницата на Советот за радиодифузија на РМ.

Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка изнесуваат 120.000,00 денари, без вклучен ДДВ.

За реализацијата на договорот за јавна набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012-та година.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

- Арбен Саити - претседател на Комисијата, со заменик Арѓенд Џелили;
- Луција Ѓурковиќ - член, со заменик Симе Златески и
- Јетон Исмаили - член, со заменик Несрин Сејфула.

**Точка 6**

Советот го разгледа Барањето бр.11-401 од 22.11.2012 година, за дополнување на аналоген пакет програмски сервиси за градовите Штип, Скопје, Свети Николе, Велес, Битола, Струмица, Кочани и Кавадарци од ТРД - оператор на јавна комуникациска мрежа РОБИ ДООЕЛ, Ванчо Прке 8, Штип

Вишиот соработник од Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права, објасни дека целокупната документација што ја доставил ТРД - операторот на јавна комуникациска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, првично не била комплетно доставена, но по известувањето од Страна на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права, наведениот оператот комплетно ја доставил потребната документација које е во согласност со Правилникот и Одлуката за доставување и регистрација на пакетот програмски сервиси.

Советот едногласно одлучи да се прифати Барањето бр.11-401 од 22.11.2012 година, за дополнување на аналоген пакет програмски сервиси за градовите Штип, Скопје, Свети Николе, Велес, Битола, Струмица, Кочани и Кавадарци од ТРД - оператор на јавна комуникациска мрежа РОБИ ДООЕЛ, Штип.

Советот донесе едногласна одлука:

- На ТРД - оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип подружница Телекабел Кавадарци, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр. 9 на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа;
- На ТРД оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип подружница Телекабел Кочани да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр. 14 на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа;
- На ТРД оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип подружница Телекабел Велес да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр. 17 на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа;
- На ТРД оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип подружница Телекабел Струмица да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр. 17 на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа;
- На ТРД оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип подружница Телекабел Скопје да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр. 18 на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа,
- На ТРД оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип подружница Телекабел Свети Николе да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр. 18 на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа;
- На ТРД оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип подружница Телекабел Битола да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр. 19 на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа;
- На ТРД оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр. 21 на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да ги изготви и да ги запише потврдите во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка – Уп 1.

Советот го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста да ги објави на веб страницата на Советот за радиодифузија измените во програмскиот пакет на: ТРД - оператор на јавна комуникациска мрежа РОБИ ДООЕЛ.

**Точка 7**

Советот го разгледа Извештајот од промоцијата на Извештајот за состојбата на лицата со хендикеп во Република Македонија, „Хендикеп – слагалка што недостасува„ изработена од м-р Сашо Богдановски.

Советот едногласно го усвои предложениот Извештај од промоцијата на Извештајот за состојбата на лицата со хендикеп во Република Македонија, „Хендикеп – слагалка што недостасува„ изработена од м-р Сашо Богдановски, Виш соработник од Секторот за програмски работи.

**Точка 8**
**Разно**

**Бр. 02-138/1**
**10.01.2013 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработил/одобрил: Ружица Бошнакоска Јотевска*